Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2025 година**

Скопје, април 2025 година

# З А П И С Н И К
## од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2025 година

Седницата започна во 13:45 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот  за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади .

На седницата присуствуваше и Димитар Димовски, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади,.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за степен на реализација на проектите од Програма за работа на Владата (2024-2028) за март 2025 година

2. Табеларни прегледи за постапување на институции, со прилози

3. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за степен на реализација на проектите од Програма за работа на Владата (2024-2028) за март 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, сите министерства и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, пред поднесување на информации и предлог - заклучоци на седница на Влада, кои се однесуваат на реализација на проекти, иницијативи и активности кои произлегуваат од Програмата за работа на Владата (2024-2028), да го информираат секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на другите стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања да стапи во контакт со Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија, останатите дипломатско-конзуларни претставништва на странски држави во нашата земја, како и меѓународни организации и странски мисии со седиште во Република Северна Македонија и да разговара за можноста од финансиска поддршка за реализација на проектот за формирање на ЕУ Ресурсен центар, кој ќе содржи материјал и бази на податоци поврзани со Европската Унија, кои ќе им бидат достапни на граѓаните, стопанските комори, граѓанските организации и факултетите. За исходот од одржаните средби, одржаните презентации и можностите за финансирање на овој проект да го информира секретарот за јавни политики, координација и

следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, најдоцна до 20.5.2025 година.

3. Се задолжува Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, најдоцна до 20.5.2025 година да го извести Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата за точниот термин за објавување на повикот за пријавување на учесници за бесплатниот дигитален курс по македонски јазик за учебната 2025/2026 година.

4. Се задолжува Министерството за култура и туризам, најдоцна до 20.5.2025 година да го извести Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, за степенот на реализација на активностите поврзани со отворање на нови културно - информативни центри во соседството, како и низ поголемите центри во Европа и светот заради зацврстување и промоција на македонската уметност, култура и особености, како би можело Министерството за надворешни работи и надворешна трговија преку нашата дипломатско - конзуларна мрежа да иницира дијалог со постојни македонски здруженија во странство за поддршка и ресурси, да оствари соработка со локални културни и образовни институции за зајакнување на присуството и поддршка на новите центри, да земат учество во организација на настани, изложби и работилници кои ја промовираат македонската уметност, култура, јазик и традиции, да организира промотивни активности за да се подигне свеста за постоењето на новите центри, како и да испланира и одржи презентации за локалната заедница за значењето на културно-информативните центри.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во координација со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот и Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони да го утврдат носителот на проектот за брендирање на Македонија како поволна инвестициска дестинација кој има за цел да го подобри имиџот на земјата и да ја позиционира како атрактивна и конкурентна дестинација за странски директни инвестиции (СДИ), конкретните мерки и активности и временската динамика по која ќе се одвива целиот процес и за тоа да го информираат секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, најдоцна до 20.5.2025 година.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во координација со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот и Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони, Царинската управа, Управата за јавни приходи и Министерството за финансии да го утврди носителот на проектот за изработка на акциски план за спроведување на Инвестициската мапа, која е дел

од Националната развојна стратегија и се однесува на остварување на целите за одржлив развој во делот на регионалниот пристап во Македонија, како и спроведување на политиките за привлекување на зелени инвестиции и инвестиции кои се одржливи и во согласност со глобалните развојни цели на Организацијата на обединетите нации, конкретните мерки и активности и временската динамика по која ќе се одвива целиот процес и за тоа да го информираат секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, најдоцна до 20.5.2025 година.

7. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија секој месец, најдоцна до 20-ти, да доставува прецизни информации до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата за месечниот прогрес во делот на степен на реализација на утврдените мерки и активности од проектите кои се во надлежност на нивниот ресор, месец и година на планирано започнување и завршување, конкретен буџет потребен за реализација на секој проект поодделно, планирани активности за следниот период со рокови за завршување и потенцијални ризици и предизвици кои влијаат на динамиката на реализација за проектите кои се дел од Програмата за работа на Владата за период од 2024 - 2028 година.

8. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија при формирање на работните групи за изработка на Националната стратегија за надворешна политика и изработка на акциски план за спроведување на Инвестициската мапа која е дел од Националната развојна стратегија и се однесува на остварување на целите за одржлив развој во делот на регионалниот пристап во Македонија, како и спроведување на политиките за привлекување на зелени инвестиции и инвестиции кои се одржливи и во согласност со глобалните развојни цели на Организацијата на обединетите нации задолжително да испрати барање за номинација на член и заменик член од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и да го информира и секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата за временската динамика за нивната изработка и донесување, најдоцна до 20.5.2025 година.

9. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија при изборот на иселеници и иселенички организации кои конкурираат на конкурсот за финансиска поддршка на проекти од национален интерес од дијаспората, да се консултираат со Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија и да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата за временската динамика за нивната изработка и донесување, најдоцна до 20.6.2025 година.

10. Се задолжува Министерството за здравство во рок од седум дена до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на другите стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата да достави барање за номинација на претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во работната група за спојување на јавните

установи од Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Јавна здравствена установа-Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза"- Скопје.

11. Се задолжува Министерството за здравство во рок од седум дена до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на другите стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата да достави барање за номинација на претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во работната група за изработка на национална стратегија за млади лекари.

12. Се задолжува Министерството за здравство во рок од седум дена до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на другите стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата да достави барање за номинација на претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во работната група за анализа на сите досегашни иницијативи, концепти, студии и проекти за изградба на нов објект за Клинички центар во Скопје.

13. Се задолжува Министерството за здравство во рок од седум дена да формира работна група за изготвување на нов закон за здравствена заштита и во истиот рок до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на другите стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, да достави барање за номинација на членови од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во работната група.

14. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да предвиди финансиски средства и да започне постапка за 30 нови вработувања во Државниот инспекторат за земјоделство во насока на зајакнување на капацитетите на инспекторатот.

15. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да предвиди финансиски средства и да започне постапка за десет нови вработувања во Државниот инспекторат за шумарство и ловство во насока на зајакнување на капацитетите на инспекторатот.

16. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во рок од еден месец, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави информација со анализа на ефектите и утврдување на развојната компонента од досегашната реализација на мерките од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.

Анализата да вклучува табеларен преглед по години за период 2014-2024 година со податоци за: планирани буџетирани финансиски средства по мерка на почеток на година, износ на финансиска поддршка по мерки на крајот од програмската година, исплата по мерки

по години, број на корисници (одделно физички лица, индивидуални земјоделци и правни лица) и врз основа на кој пресметковен метод е утврдена висината на поддршката.

17. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во рок од еден месец до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави информација со анализа на ефектите и утврдување на развојната компонента од досегашната реализација на мерките од Програмата за финансиска поддршка на земјоделството.

Анализата да вклучува табеларен преглед по години за период 2014-2024 година со податоци за: планирани буџетирани финансиски средства по мерка на почеток на година, износ на финансиска поддршка по мерки на крајот од програмската година, исплата по мерки по години, број на корисници (одделно физички лица, индивидуални земјоделски и правни лица) и врз основа на кој пресметковен метод е утврдена висината на поддршката.

18. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во рок од еден месец до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, да достави информација со анализа на ефектите и утврдување на развојната компонента од досегашната реализација на мерките од Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултура.

Анализата да вклучува табеларен преглед по години за период 2014-2024 година со податоци за: планирани буџетирани финансиски средства по мерка на почеток на година, износ на финансиска поддршка по мерки на крајот од програмската година, исплата по мерки по години, број на корисници (одделно физички лица, индивидуални земјоделци и правни лица) и врз основа на кој пресметковен метод е утврдена висината на поддршката.

19. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање за проектите од Програмата за работа на Владата 2024-2028 година да преземе конкретни активности за проектите кои се однесуваат на:
- градење на квалитетна кадровска структура потребна за проширување и одржување на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух (ДАМСКАВ) и непречено функционирање на истиот,
- зајакнување на капацитетите со потребен стручен кадар за проширување на акредитацијата на лабораториски методи особено со акредитација на нови методи за воздух на Централната лабораторија на Министерството за животна средина и просторно планирање.

20. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање за проектите од Програмата за работа на Владата 2024-2028 година кои се однесуваат на заштита на националните паркови да преземе конкретни активности и да интензивира соработка со

локалните самоуправи одделно за сите четири национални паркови - Шар планина, Маврово, Галичица и Пелистер со цел да се надминат застоите во реализацијата на плановите за заштита на националните паркови.

21. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање за проектите од Програмата за работа на Владата 2024-2028 година кои се предвидуваат за заштитата на македонските езера да преземе конкретни активности и да го интензивира процесот, а се однесуваат на:
- побрзо завршување на постапката за репрогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје и донесување на веќе изработен План за управување со Охридско Езеро,
- реализација на донесен план за управување 2024-2033 година со ЗП СП Преспанско Езеро,
- побрзо финализирање на студијата за валоризација за Дојранско Езеро и поскоро изработка и донесување на План за управување со СП Дојранско Езеро во рамки на ПУРС за реката Вардар,
- побрзо завршување на постапката за репрогласување на Матка за ЗП Споменик на природа и изработка и донесување на План за управување за заштитено подрачје Матка,
- поскоро ревидирање на студијата за валоризација за Тиквешко Езеро и спроведување на постапките за репрогласување за заштитено подрачје и изработка и донесување на План за управување за заштитено подрачје Тиквешко Езеро.

22. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање за проектите од Програмата за работа на Владата 2024-2028 година кои се однесуваат на Регионални центри за управување со отпад и расчистување и ремедијација на нерегуларни депонии да преземе конкретни активности, а се однесуваат на:
- зголемување на соработката со локалните самоуправи и интензивирање на процесот за затворање и целосно спроведување на акцијата на расчистување и ремедијација на нерегулирани депонии во сите плански региони во државата и
- информирање на локалното население заедно со локалните самоуправи околу потребите за затворање и расчистување и ремедијација на нерегулирани депонии и воспоставување на регионални преработувачки центри и
- поскоро формирање на сите планирани регионални претпријатија за отпад во државата и поддршка при реализација на активностите на претпријатијата да постават преработувачки центри кои организирано ќе се занимаваат со секундарна селекција.

23. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање за проектите кои се однесуваат на заштита на водите да ја интензивира соработката со Министерството за здравство и да ги преземат заедничи потребните активности со цел завршување на процесот за определување на заштитни зони околу водни тела кои се користат за консумирање од страна на луѓето.

24. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од пет дена до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата да достави барање за номинација на претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во сите тековни работни групи кои работат на законски измени согласно Програмата за работа на Владата.

25. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави табеларен преглед за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата, согласно заклучоците од претходната Информација.

**Точка 2**

Владата ги разгледа Табеларните прегледи за постапување на институции, со прилози и ги задолжи сите државни институции, ажурно да постапуваат по задолженијата содржани во прилозите и задолженијата кои произлегуваат од седниците на Владата.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **Игор Јанушев** | **проф. д-р Христијан Мицкоски** |

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор